Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 91/0306
15.04 20 22 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 4 април 2022 година, врз основа на примена жалба од Ларс Горан Клинг, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**ЖАЛБАТА СЕ ОТФРЛА КАКО НЕОСНОВАНА**

**Во емисијата насловена „Швајцарски тајни“ на „Истражувачката репортерска лабораторија Македонија“ (ИРЛ), емитувана на Македонската Радио Телевизија на 20 февруари 2022 година, не се прекршени етичките и професионални стандарди.**

## ЖАЛБА

До извршната канцеларија на Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на 21 март 2022 година, Ларс Горан Клинг, преку полномошник, адвокат Тони Менкиноски поднесе жалба за емисијата насловена „Швајцарски тајни“, реализирана од „Истражувачка репортерска лабораторија Македонија“ (www.irl.mk), емитувана на 20 февруари 2022 година, во рамките на емисијата „Редакција“ на Македонска Радио Телевизија (www.mrt.com.mk).

Во жалбата се наведува дека во предметната емисија се прекршени членовите 1, 3, 8 и 13 од Кодексот на новинарите.

Подносителот на жалбата вели дека емисијата содржи невистинити информации и апсолутна пристрасност во информирањето кон господин Ларс Горан Клинг, со евидентна намера да се наштети на неговата чест и углед. Освен прекршување на Кодексот на новинарите, жалителот смета дека е прекршен и членот 17 од Законот за медиумите и два члена од Законот за граѓанска одговорност и клевета.

За подносителот на жалбата, кој во претставката цитира одредени спорни делови од емисијата, спорен бил фактот како ИРЛ утврдила дека господинот Ларс Горан Клинг и неговите соработници ја избегнувале правдата со помош и заштита на македонскиот систем. Жалителот посочува дека, спротивно на тврдењата на медиумот, Клинг и казиното „Аполонија“ биле предмет на редовни и вонредни контроли, при што не биле констатирани никакви неправилности. Во жалбата, меѓу другото, се вели дека господин Клинг, како физичко лице, вклучително и трговските друштва во кои се јавува како вистински сопственик, не биле предмет на каква било истрага, односно кривична постапка. Во однос на наводите на медиумот дека господин Клинг бил сокриен зад мрежа оф-шор компании, се додава дека и учеството на Клинг во трговските друштва основани во земјава било уредно пријавено во Централен Регистар. Жалителот смета дека медиумот требало да ги провери тие тврдења и да направи разлика меѓу фактите и шпекулациите или дезинформациите.

Во однос, пак, на наводите на медиумот дека во една од потврдите за исплата од странство „наводно“ стоела една од трансакциските сметки на Клинг, како и дека тоа била „наводно“ една од сметките која била предмет на истрага за перење пари во казиното „Аполонија“, жалителот вели дека таквите наводи не соодветствуваат со фактичката состојба.

*„Од увид во трансакциската сметка на која се повикува „Истражувачка репортерска лабораторија Македонија - ИРЛ“, а преку која е зголемена основната главнина на едно од трговските друштва, истата се разликува од трансакциската сметка преку која се уплатени паричните средства за зголемување на трговското друштво!?!? Во приложениот образец 743 е наведена трансакциска смета под број „CH9704835014“, додека пак под неа, ИРЛ тврди дека горенаведената трансакциска сметка е иста со бројот „08-35014-XXXXX“,* пишува адвокат Менкиноски во жалбата.

Во продолжение, во жалбата се потенцира дека ИРЛ, покрај тоа што изнел наводи со кои се обидел да инпутира кривична одговорност на господин Клинг, кој не бил ниту осомничен, ниту обвинет во кривична постапка, медиумот ја нарушил и презумпцијата на невиност на

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

лицата обвинети во кривична постапка која се водела пред Основен кривичен суд Скопје. Во овој контекст, освен прекршување на членот 8 од Кодексот, жалителот наведува дека таквото известување се коси и со Европската конвенција за заштита на човековите права, Уставот на РС Македонија и со Законот за кривична постапка, во делот дека секој обвинет се смета за невин сè додека неговата вина не се докаже по законски пат и со правосилна судска одлука.

Во однос на констатациите на ИРЛ дека капиталот на една од фирмите бил зголемен за дури осум пати, жалителот вели дека зголемувањето на основниот влог на трговско друштво во Македонија не претставува кривично дело, зашто согласно позитивното право во земјава било предвидено трговско друштво, чија главна приходна дејност се дејности на игри на среќа и обложување, да имаат висок основачки влог.

Во исто време, подносителот на претставката смета и дека ИРЛ прикрила, односно премолчила и важни информации чие објавување влијаело врз толкувањето на содржината од страна на читателите и оти на тој начин медиумот придонел кон намерно искривување на реалноста и создавање невистини.

Понатаму, жалителот потенцира и дека „Истражувачката репортерска лабораторија Македонија“ (ИРЛ), до денот на поднесувањето на оваа претставка, не го објавила демантот на господин Клинг, испратен по пошта преку неговиот полномошник, адвокат Тони Менкиноски, со што отстапил и од членот 3 од Кодексот на новинарите, како и од Уставот, од Законот за медиумите и од Законот за за граѓанска одговорност за навреда и клевета. Во прилог на жалбата, жалителот го посочи и демантот упатен до медиумот.

На крајот на жалбата, а согласно горенаведеното, подносителот на жалбата уште еднаш цени дека во емисијата се прекршени членовите 1, 3, 8 и 13 од Кодексот на новинарите.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со „Истражувачката репортерска лабораторија Македонија“ (ИРЛ) и со Македонската Радио Телевизија и побара медиумите да се изјаснат по однос на наводите на жалбата.

Главната уредничка на ИРЛ, Сашка Цветковска, одговори на наводите на жалбата. Таа вели дека медиумот ја исполнил главната задача да докаже дека сметките споделени од OCCRP и Зидојче Цајтунг се веродостојни и оти не постои основа да се тврди дека се прикриени факти и докази. Цветковска уверува дека во случајот поврзан со господинот Ларс Клинг, медиумот не само што ја докажал веродостојноста на сметките, туку истите биле и дел од тековен судски процес каде што вработени во македонските компании поседувани од офшор фирми во сопственост на Клинг биле обвинети за перење пари и злоупотреба на службена должност. Дополнително, личните сметки на Клинг, како што додава, биле дел од тоа судење.

Уредничката на ИРЛ ги отфрла наводите на жалителот дека тие импутирале кривична одговорност кај жалителот Клинг, туку објаснувале како тој ги ползувал придобивките на државите во кои што било легално тајно да се чуваат пари и на државите во кои што било легално тајно да се отвори компанија.

*„Не постои ниту една реченица или конструкција во која што новинарите на ИРЛ ги повикуваат институциите да го осудат господинот Ларс Клинг“,* се вели во одговорот на жалбата.

Во продолжение, Цветковска посочува дека ИРЛ докажал оти основната главнина се зголемувала врз база на документи обезбедени преку увид во регистарските влошки во Централниот регистер на посочените компании кои што оперираат во Македонија. Таа воедно потенцира дека како медиум поседуваат копии од уплатниците од сметките на Клинг од банката Кредит Свис, кои биле идентични со сметките кои се дел од глобалните протечени документи од Кредит Свис. Додава дека во судот и во Обвинителството ги потврдиле сметките кои што се дел од обвинението и кои што се идентични со посочените сметки во истражување. Цветковска вели дека имаат потврда за исплата од странство при зголемување на основната главнина, на која стоела сметка од Кредит Свис идентична со сметките до кои дошла ИРЛ.

Во однос на одлуката да не го објават демантот испратен од жалителот, Цветковска појаснува дека се работело за шест деманти од по 15 страници кои, како што вели, наликувале на нејасни рецензии кои што не демантирале ништо, туку ја коментирале нивната работа. Таа додава дека во консултација со странските партнери од Шведска се согласиле дека Клинг и казиното Аполонија имале еден месец да се изјаснат пред објавување на сторијата, а во прилог на жалбата достави и официјалното барање за коментар испратено до жалителот и неговиот адвокат, како и преписки водени меѓу новинарите и соработниците на Клинг. Во одговорот, уредничката на ИРЛ посочи и хронологија на обидите да се оствари контакт со жалителот:

05.02.2022 - Редакцијата на ИРЛ испрати Барање за коменатар до Ларс Клинг и адвокатското друштво Менкиноски како застапник на казиното Аполонија.

09.02.2022 - Одговор од адвокатската канцеларија Менкиноски во кој одбиваат да коментираат и се закануваат со тужба.

09.02.2022 - Партнерите од редакцијата на СВТ, заедно со ИРЛ, испратија дополнување на Барањето за коментар до Ларс Клинг и адвокатското друштво Менкиноски. На ова Барање не добивме никаков одговор.

16.02.2022 - Телефонски повик меѓу новинарите на ИРЛ и адвокатот Тони Менкиноски, како претставник на казиното Аполонија. Во телефонскиот разговор им беше дадена уште една шанса да одговорат на нашето Барање за комнтар. Одоговорот на Менкиноски беше дека тие веќе одговориле.

Цветковска посочува и дека редакцијата на ИРЛ со партнерите од Јавниот сервис на Шведска физички го посетиле казиното Аполонија во обид да добијат коментар. Од страна на ИРЛ бил направен и обид во Солун да се разговара и со Ингела Клинг, како дел од сопствеништвото на казиното, но таа одбила да разговара со новинарите.

Во однос на наводите на жалителот за наводна конфузија на сметката со ИБАН, Цветковска вели дека во извештајот за наплата од странство, кој е дел од документите во Централниот регистар до папката под деловодниот број за едно од зголемувањата на основната главнина на фирмата Корона интернационал, е наведен ИБАН-от за транскциската сметка од швајцарската банка Кредит Свис на панамската компанија Ајтона холдинг, на чие барање е извршена уплатата на пари.

*„ИБАН-от на извештајот за напалата од странство е: CH97 04* ***83501428603*** *2 000“*

*„Трансакциската сметка до која дојде ИРЛ преку протечените податоци од Кредит Свис е:* ***083501428603. Според одговорите кои ги добивме од швајцарското министерство за финансии и од швајцарската банка Кредит Свис ни беше објаснето дека*** *CH97 04 е ИБАН кодот пред сметката.“,* се наведува во одговорот на жалбата од ИРЛ, која во прилог го достави и оригиналниот извештај за наплата од странство, на кој можел да се види целиот ИБАН.

Во однос на забелешките на жалителот дека Клинг и неговите соработници-компании ја избегнувале правдата со помош на македонскиот систем, од ИРЛ образложуваат дека таквата констатиција ја базираат на повеќе релевантни извори, како сведоштво на јавен обвинител, два судски процеса, вештачења од страна на УЈП кои утврдиле неплаќање на данок на добивка, соопштение од МВР, пресуда од основниот суд во Велес и архивски медиумски написи поврзани со темата.

Цветковска потенцира дека како медиум поседуваат записници за контроли на институциите во трговските друштва, кога биле утврдени наоди за неисплатени даноци. Во однос на ова, од ИРЛ до Советот за етика приложија неколку пресуди на Управен суд.

Во однос на тврдењето на жалителот дека компаниите не се предмет на никакви судски процеси, од ИРЛ велат дека тоа е лесно проверливо, а дека наскоро требало да има рочиште за предметот против управители на дел од фирмите кои се споменуваат во сторијата за злоупотреба на службената должност и перење на пари.

За наводите на жалителот, одговор даде и одговорниот уредник на МРТ1, Анета Андонова, која во целост ги отфрли жалбените наводи за објавување невистинити информации и пристрасност и неурамнотеженост во информирањето. Таа додава дека секоја жалба без основа, како медиум, ја сметаат за притисок врз Јавниот сервис.

Во одговорот на жалбата, Андонова појаснува дека ТВ проектот „Редакција“ е копродукциски ТВ продукт на МРТ и ИРЛ, кој се заснова на концепт со детална разработка на сценариото, преткрепен со факти и докази.

Во однос на забелешката на жалителот дека немало објавено демант, Андонова вели дека до Јавниот радиодифузен сервис не била пристигната реакција или барање за објавување демант по објавената содржина.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека жалбата е **НЕОСНОВАНА** и едногласно одлучи дека во емисијата нема прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија, ниту повреда на членовите 1, 3, 8 и 13 од Кодексот, на кои упатува жалителот.

Комисијата не констатираше неточно и нефер известување, пристрасност и неурамнотеженост во информирањето, мешање на факти и мислење, вест и коментар, ниту повреда на правото на презумпцијата на невиност и на правото за објавување демант, од етички аспект.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ОДЛУКАТА

На седницата на 4 април 2022 година, членовите на Комисијата за жалби ги разгледаа наводите на жалителот и извршија увид во спорната содржина. Најпрво, заклучија дека не можат и немаат право да ги утврдуваат фактите наведени во неа. Надлежност на Комисијата е единствено да утврдува дали се почитуваат етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ.

Комисијата, најнапред, констатира дека се работи за документарен филм од исклучително висок јавен интерес. Новинарите на „Истражувачка репортерска лабораторија Македонија“ (ИРЛ), во соработка со странски колеги, обработуваат важна општествена тема, поврзана со долготрајната транзиција и приватизацијата на општествениот капитал, како и за сомнежи за евентуални финаниски малверзации. Преку тимска истражувачка работа, медиумот открива дека сметки кои потекнуваат од швајцарската банка „Кредит Свис“ наводно биле користени да се сокрие данок од македонските даночни обврзници. ИРЛ открива и дека за дел од наводите кои ги изнесува во истражувачката сторија веќе се водел судски процес за перење пари во гевгелиско казино.  Медиумот случајот го поврзува со истакнат шведски бизнисмен и инвеститор во Македонија, Ларс Горан Клинг, кој управувал со казиното, а кој, воедно, е и жалител во оваа постапка пред Советот за етика.

Без да навлегува во утврдување и оценка на фактите во оспорената емисија, ниту да се впушти во правно толкување на жалбените наводи од обемната документација на жалителот, за што и нема надлежност, Комисијата оцени дека документарецот на „Истражувачка репортерска лабораторија Македонија" (ИРЛ) е новинарски коректен и во согласност со етичките стандарди.

Се работи за обемно и сериозно истражување. Содржината е повеќестрана и опфаќа неколку значајни аспекти. Авторите презентираат широк спектар извори на информации, од документи и архивски материјали, преку пренесување податоци од релевантни државни институции и ставови на експерти од сферата на финансиите и даночната политика до изјави на повеќе странски новинари, запознати со темата што се обработува.

Оттука, комисијата цени дека ИРЛ ги испочитувала клучните новинарски правила, на начин што се обидела да ги провери информациите од што е можно повеќе извори, односно најмалку два меѓусебно неповрзани извора, вклучувајќи ги и напорите во насока на обезбедувањето „втора страна". (Советот за етика ги има на увид комуникациите и обидите на медиумот да стапи во контакт со засегнатите страни)

Одлуката на Комисијата да се отфрли оваа жалба како неоснована, во најголем дел, ја темели и токму на фактот дека „Истражувачка репортерска лабораторија Македонија" (ИРЛ) направила максимални напори да обезбеди став од жалителот Ларс Клинг, но дека не успеала да добие одговори. Комисијата заклучи дека медиумот се обидел да оствари контакт и телефонски, и по електронска пошта, па дури и физички со посета на казиното „Аполонија" во Гевгелија и на семејството на Клинг во Солун. Контактирано било и адвокатското друштво, кое го застапува жалителот во оваа постапка.

Поаѓајќи од горенаведеното, Комисијата зазеде став дека, од етички аспект, „Истражувачка репортерска лабораторија Македонија", можела, но немала изрична обврска да го објави демантот, упатен од жалителот. Се работи за специфичен случај, во кој жалителот и неговиот застапник, првично одбиваат да дадат одговор на поставените прашања, за потоа, по објавувањето на содржината, да реагираат со демант на информациите, за кои веќе добиле повеќе можности да се изјаснат.

Иако став на Советот за етика е дека медиумот секогаш треба да настојува да објави реакција, демант или одговор, во случајов, кај членовите на Комисијата надвладеа мислењето дека на жалителот му бил даден повеќе од доволен простор и време (околу еден месец) за да се изјасни. Ваквата одлука, Комисијата ја базира и на ставот 6 од членот 3 на Кодексот на новинарите, според кој, одговорот може да се одбие доколку страната за која станува збор ја отфрлила претходно дадената можност за презентирање на свои забелешки за истото прашање, без објективни причини.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

Оттука, Комисијата ги охрабрува засегнатите страни да настојуваат да одговорат на новинарските прашања пред објавувањето на содржината, со цел да дадат појасна и пообјективна слика за темата која се обработува, наместо како во случајов, да се закануваат со тужби до новинарите. Таквото постапување на адвокатското друштво, кое го застапува жалителот во оваа постапка, за Комисијата не може да се сфати поинаку, освен како директен притисок врз медиумот и обид за ограничување на слободата на информирање.

Во однос на наводите на жалителот дека Македонска Радио Телевизија, каде што се емитувала оспорената емисија, не го објавила демантот, Комисијата не можеше да констатира повреда на членот 3 од Кодексот. Дополнително, уредничката на МРТ 1 тврди дека барање за демант воопшто не стигнало до нив.

Во однос на наводите на жалителот дека е прекршен членот 8 од Кодексот, односно повреда на принципот на пресумпција на невиност, Комисијата не најде доволно елементи за да констатира вакво отстапување.

Комисијата не констатираше ниту прекршување на членот 13 од Кодексот, односно мешање на факти и мислење, вест и коментар. Оценка на членовите на Комисијата е дека поради форматот на новинарскиот производ (документарец, во кој новинарите интерпретираат), има ставови околу случајот, но дека тие се во рамките на дозволените границите во овој жанр, во кој новинарите не коментираат директно или даваат лични мислења, туку интерпретираат врз основа на фактите, кои ги изнесуваат во емисијата.

Најпосле, во истражувачките стории кои се од висок јавен интерес, новинарот може да објави и нешто за коешто нема баш докази, ама за кое има доволно индикатори дека е вистина, односно нешто за што постои основано сомнение. Основано сомнение подразбира презентирање аргументи кои се разумни и кои се индикатор дека нешто е вистина, без да имаме конкретен доказ за вистинитоста. (став 7 од член 1 од Кодексот на новинарите)

Во однос на наводите на жалителот дека оспорената емисија содржи елементи на клевета, Комисијата се согласи дека и во случајов останува на веќе воспоставената пракса и надлежности да не расправа и утврдува евентуално постоење на клевета. Став на Комисијата е дека таквата проблематика е судска материја. Надлежност на Комисијата е единствено да ги утврдува етичките и професионалните стандарди во новинарскиот производ и да утврдува евентуално прекршување на Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено.

Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Мери Јордановска,Теофил Блажевски, Лилјана Пецова – Илиеска и Димитар Мицев.

На седницата, членот на Комисијата Ердем Ахмет беше изземен од расправата, во согласност со член 11 од Правилникот за работа поради судир на интереси, а сè со цел, да се обезбеди мериторност во одлучувањето и спречување на делегитимирање на одлуката на Комисијата.

**Се обврзуваат Македонска Радио Телевизија (www.mrt.com.mk) и „Истражувачка репортерска лабораторија Македонија" (www.irl.mk), во согласност со членот 18 од Деловникот за работа на Комисијата за жалби, да ја објават оваа одлука.**

Со почит,
Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595